# РЕШЕНИЕ ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ШУМСКИТЕ ПРЕДЕЛИ ВО СЛИВОТ НА РЕКА ОЧА ЗА ШУМСКИ РЕЗЕРВАТ

I.

Шумските предели во сливот на реката Оча, се прогласуваат за шумски резерват под името Шумски резерват Јасен.

Границите на резерватот се:

**Исток:** Од местото викано Кула оди во правец југо-исток по билото на кота 1333, потоа излегува на управно издигнатите скалести масиви над шумската вегетација, оди по нив преку тригонометриската точка 2180 на местото викано Мирска Вода, преку месноста Миленков Камен од кота 2092; од кота 2092 се спушта во правец на југозапад на горниот раб од шумската вегетација и по него оди се до излезот на селскиот коњски пат од шумата во пасиштето Боро Поле, помеѓу котите 1690 и 1410.

**Југ:** Од местото каде што селскиот коњски пат излегува од шумата во пасиштето Боро Поле, а кое се наоѓа помеѓу котите 1690 и 1410, границата оди донекаде по патот во правец спрема запад, потоа преку кота 1410 по вододелницата помеѓу реките Оча и Величка Река, преку месноста Сенокос оди до највисокиот врв југоисточно од селото Тажево.

**Запад:** Од највисокиот врв југо-источно од селото Тажево а северно од котата 1294 (Дробаци), границата оди во правец на северо-запад по билото што се наоѓа од десната страна над селата Тажево и Брезница, преку кота 1233, преку тригонометриската точка 1125 на месноста Поца до кота 1052; од кога 1052 оди по билото над месноста Добри Дол во правец на север и се спушта на реката Треска на местото каде реката Оча се улива во неа; отука границата оди по течението на реката Треска, се до кота 377 на месноста Гургурска Лака.

**Север:** Од кота 377 (Гургуска лака) границата оди по течението на реката Треска се до кота 376, од каде свртува во правец југоисток и оди по коњскиот пат до месноста Пеколник, а потоа свртува во правец на исток и по суводолицата излегува на местото викано Кула.

Со посебни прописи на Извршниот совет ќе се одреди начинот на управувањето и стопанисувањето со резерватот.

Ова Решение влегува во сила од денот на објавувањето во Службен весник на Народна Република Македонија.

ИС бр. 26
26 февруари 1958 г.
Скопје

**Извршен совет**

Секретар,
**Васил Ѓоргов,** с. р.

Претседател,
**Љупчо Арсов,** с. р.